# И З В Е Ш Т А Ј
## по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2020 година

## Општ дел

Според законот за јавни патишта мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места. Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија. Категоризација на јавните патишта на општински патишта и улиците во населените места согласно со тие критериуми врши Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

На планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за просторно и урбанистичко планирање. Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. По извршената изградба или реконструкција на јавен пат, на дел од јавен пат или објект на патот, се врши технички прием согласно со Законот за градење, врз основа на кој се издава одобрение за употреба на патот.

Според Законот за јавни патишта:

-Под изградба на јавен пат се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.

-Под реконструкција на јавен пат се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.

-Под рехабилитација на јавен пат се подразбира подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелетата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), а во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.

-Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот. Работи на зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. Работи на периодично одржување се сите активности кои повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот.

Од уплатените средства од надоместокот за употреба на јавните патишта на сметка на Јавното претпријатие за државни патишта, 50% се приход на Јавното претпријатие и се користат за изградба, реконструкција, рехабилитација и заштита на државните патишта, а 50% се распределуваат на општините, односно на градот Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици согласно со годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици. Распределбата на средствата на општините, односно на градот Скопје го врши Јавното претпријатие врз основа на следниве критериуми: должината на општинските патишта и улици, бројот на регистрирани возила во општината и бројот на жители во општината и површина на општината. Според горенаведеното општината има добиено средства во висина од 3.819.161 денари.

Согласно со погоре наведеното, Во овој извештај е даден преглед на активностите поврзани со локалната патна мрежа во општина Крива Паланка и се однесува и на улиците кои се во урбаниот дел од градот и на локалните патишта вон урбаниот дел,

според Програмата за 2020 година. Тоа се околу 90 км. улици и патишта со асфалтен коловоз и приближно уште 90 км. пристапни патишта во руралните делови со земјан коловоз. На територијата на општина Крива Паланка постојат 34 населени места кои главно се доста оддалечени од градот. Тоа подразбира долга основна мрежа на локални патишта до централниот дел на селата која е главно со асфалтен коловоз, но и разгранета секундарна мрежа од земјани патишта кон пооделни маала во селата кои се главно од разбиен вид.

Имајќи во предвид дека општината не располага со доволно финансиски средства самостојно да гради нови локални патишта, средствата се обезбедуваат главно од соодветни програми на Владата на РМ и нејзините институции, посебно од програмите за рурален развој, грант средства од ИПА програмите, средства од Бирото за регионален развој и др. Обврска на општината е да ја подготви целокупната техничка документација, да ги реши имотно правните работи и да обезбеди Одобрение за градба, како и зависно од условите за доделување на средства делумно да кофинансира во изградбата.

Долгата и распространета патна мрежа, климатските услови, како и несоодветниот транспорт на товар со прекумерна тежина (најчесто дрва) бара и многу средства за одржување на локалните патишта и тоа како на асфалтните, така и на земјаните патишта кои се обезбедуваат од Буџетот на општината. Посебен проблем кај недоизградените патишта кои се со земјан коловоз е одводнувањето и истите, особено после поројни дождови и излевање на долови и водотеци значително се оштетуваат.

Во текот на 2020 година со финансиски средства обезбедени од повисоки нивоа на власт од РМ се работеше на изградба и реконструкција на дел од локални патишта, а со средства од Буџетот на Општина Крива се изврши асфалтирање на помали делови и краци од улици во градот и приградските населби, како и тековно одржување на локалната патна мрежа. Одржувањето на земјаните коловози на патните правци беше со работа на градежни машини кои работеа на поправка, прочистување на земјаниот коловоз, насипување на одредени места на земјан материјал на земјаниот коловоз, тампонирање т.е. подобрување на патните правци целосно и на делови со тампонски слој на шљунак и камена дробина, се со цел да се овозможи безбедно и нормално одвивање на моторниот и друг вид на сообраќај.

Исто така на одредени патни правци се вршеше измена на делови од патниот правец, односно пробивање на нова траса до фаза на земјан коловоз со која е постигната подобра функционалност на патниот правец.

## 1. Изработка на техничка документација

### 1.1 Техничка документација за улици во рамки на урбанистички план

Во текот на 2020 година Општина Крива Паланка продолжи со изработка на нови основни проекти и друга техничка документација со буџетски средства со претходно склучени договори преку јавна набавка со лиценцирани проектантски фирми. Се работеше и на делумни измени, доработка и докомплетирање на постоечка проектна документација и нејзино усогласување со законските одредби за да може да се обезбеди Одобрение за градба и да се аплицира за средства од владини и меѓународни институции.

Се работеше на изработка и докомплетирање на техничката документација за следниве проекти:

-Докомплетирање на техничка документација за сервисна улица покрај дел од речно корито на потегот од градски пазар до петља чие проектирање беше обезбедено како грант од министерството за транспорт и врски.

- Докомплетирање на техничка документација за улица и пристапи на локалитет испод детска градинка „Детелинка“ согласно со урбанистички план

- Докомплетирање на техничка документација за Изградба и реконструкција на улица на локалитетот покрај Дурачка Река,потег: Дом на Култура- Маневски Мост
- изработка на техничка документација за дел од ул. „Осоговска“
- изработка на техничка документација за дел од ул. „Вршачка“
- изработка на техничка документација за дел од ул. „Баглачка“
- изработка на техничка документација за дел од ул. „Климент Охридски“
- изработка на техничка документација за дел од ул. „8-ми септември“

### 1.2 Техничка документација за локални патни правци

-Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Кркља врска со постоечки асвалтиран пат до маалите ( Џиковци и Тукарци) ............. Л = 3,00 км -

-Докомплетирање на техничка документација за патен правец Крива Паланка – с. Кошари –Калин Камен ...................................................................................... Л = 7,00 км

-Докомплетирање на техничка документација за изградба на патен правец од спој со ул.Климент Охридски кон Мартиница ..................................Л = 2,50 км

-Докомплетирање на техничка документација за изградба на алтернативен пат во С. Дурачка Река кон м.в. Метоф и околу свлечиште .(д.Река 1 и Д.Река 2)......Л = 1,30 км

-Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Конопница м.в. од Дом према Чифлик (обезбедено е одобрение за градење).........................Л = 0,5 км.

-Доработка на техничка документација за доизградба и реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица..........................................Л = 4.00 км

-Изработка на техничка документација за изградба на локален патен правец кон населениот дел од с. Бс .........................................................................................Л = 1,3км

. -Други улици и патишта за кои од порано постои некаква техничка документација, но е неопходно истата да се преработи и доработи и да се обезбеди електронска форма.

## 2. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локална патна мрежа во Општина Крива Паланка

### 2.1. Изградба, реконструкција или рехабилитација на улици:

-Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со асфалтирање на дел од улица Калин Камен

- Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со асфалтирање на крак од улица Лозановска

- Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со асфалтирање на дел од улица Јоаким Крчовски

- Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со асфалтирање на дел од улица Никола Карев (покрај Белевски Дол)

- Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со асфалтирање на дел од улица Гоце Делчев –висока зона Дреначка мааала

-Извршено е тековно одржување на подлога и асфалтна површина на јавни површини на повеќе локации во градот (нас. Бавчалак испод зградите, кај Љиљаков мост и. др помали површини)

-Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со поставување на калдрма на дел од ул. Борис Трајковски

-Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со поставување на калдрма на дел од ул. Момир Стојановски

-Извршено е тековно одржување на горниот строј и коловозот со поставување на калдрма на крак од ул. Лозановска

Извршено е тековно одржување на калдрма на дел од ул. Моша Пијаде, дел од ул Климент Охридски

-Поплочување или асфалтирање на други помали делови или краци од постоечки улици.

Исто така со средства обезбедени преку Биро за регионален развој и со делумно учество на општина Крива Паланка беше извршена:

**-Реконструкција на тротоари на десната страна од ул. „Св.Јоаким Осоговски„ на потегот од петља до кривината на почеток на стара чаршија, како и левата страна на потегот од влезот на зелен пазар до детска градинка Детелинка.**

Вкупната вредност на проектот беше 9.795.209 денари со ДДВ од кои општината обезбеди 2.115.458 денари.

**2.2 Изградба, реконструкција или рехабилитација на локални патни правци:**

Во изминатата година се работеше и беа целосно завршени неколку поголеми проекти реализирани со финансиски средства од Агенцијата за финасиска подршка на земјоделието и руралниот развој и делумно учество на општина Крива Паланка, и тоа:

**-Изградба на локален пат во с.Голема Црцорија делница од асфалт маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо.....................................................Л =3,02 км**

**-Изградба на локален пат во с. Трново во должина ............................Л = 0,5 км**

**-Изградба на локален пат во с. Конопница (Лиска-Стублица-кон.А2).Л =1,50 км**

Ширината на планумот е околу 5,о м. а на самиот коловоз 3,5-4,0 м со предвидени разминувалишта. На патиштата се изведени канали за одводнување и се поставени пропусти на постоечки долови.

Директни корисници на овие патишта ќе бидат сопствениците на околните парцели за кои ова ќе бидат пристапни патишта, а индиректни корисници ќе биде населението од поширок опфат на селата, како и жителите на Крива Паланка и пошироко, бидејки локалитетите имаат и туристички потенцијал за развој во иднина.

Вкупните финансиски средства според потпишаните договори со изведувачите и завршните ситуации за изведените работи изнесуваа околу 30,5 милиони денари беа обезбедени од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој и со делумно кофинансирање од Буџетот на општина Крива Паланка.

Изградбата беше навреме завршена и патиштата се ставени во употреба.

**- Реконструкција на локален пат Мотел-Манастир (стара траса)........Л= 2,7 км**

Овој патен правец беше реализиран преку Агенцијата за финасиска подршка на земјоделието и руралниот развој и Центарот за развој на Североисточниот плански регион и е во должина од 2,7 км во вкупна вредност од околу 16.000.000 ден., од кои општината го обезбеди износот на ДДВ од околу 2,5 мил. денари. Градежните работи завршија во мај 2020 год**.** и патот по извршената реконструкција беше повторно ставен во употреба. Со реконструкција покрај новиот асфалтен слој беа поставени рабници и изведени риголи, а беа ставени во функција каналите и пропустите за одводнување. Исто така беше изведен и нов потпорен зид на критична локација во должина од околу 30-тина метри.

Во текот на 2020 год. не територијата на општина Крива Паланка, а преку Јавното претпријатие за државни патишта беше извршена рехабилитација на регионалниот пат Р2250 од м.в Спасена кон с. Голеш и граница со Р.Србија и Р.Бугарија во должина од околу 6 км., како и на регионален патен правец Р2245 од с.Осиче кон с.Габер.во должина од околу 8км. Преку ЈПДП беше извршена и рехабилитација и поставување на нов асфалтен слој на магистралниот пат кон Куманово. Се работеше и на реконструкција на регионалниот пат кон рудник Тораница кој во иднина треба да продолжи кон Македонска Каменица.

Исто така треба да се напомене дека на територијата на нашата општина изминатата 2020 год. се одвиваа и обемни градежни активности за изградба на експресниот пат Ранковце –Крива Паланка, како и Реконструкција и доградба на делот од магистралниот пат од Мотел до граничен премин Деве Баир.

## 3. Одржување на локална патна мрежа и заштита на косини

Имајќи ја во предвид должината и разгранетоста на локалната патна мрежа, како и фактот дека добар дел од истата е изградена и асфалтирана пред многу години, се наложува потреба од издвојување на значителни финансиски средства за обновување и одржување на истата. Исто така, во приградските населби се уште постојат делови и краци од постоечки улици кои не се асфалтирани или со руинирана коловозна површина, па се наложува потреба од доасфалтирање и санација на постоечките коловози. Поради дотраеноста на коловозот, на голем број улици и патни правци секоја година се појавуваат и новостанати ударни дупки кои бараат соодветен третман. Поради тоа, во изминатата година, со средства обезбедени од буџетот на општината во вредност од околу 7.000.000 денари беа извршени значителни активности за тековно одржување – санација на локални улици и патишта кои беа наведени во т.2.

Се вршеше и континуирано крпење на ударни дупки и замена на оштетен коловоз на поедини делови на локална патна мрежа според согледување на стручните служби од општината и по барање на месни заедници или граѓани.

### Одржување на локална патна мрежа со земјани коловози

Согласно Програмата за 2020 година Општина Крива Паланка преку склучени договори со економски оператори за користење на градежна механизација вршеше тековно одржување и на локалната патна мрежа со земјани коловози во селата според Програмата и барања од месното население.

Се направи поправка на земјаните коловози со градежни машини, како и делумно тампонирање на дел од земјани коловози во атарот на с.Мартиница, с.Кркља, с. Конопница, с. Жидилово, с.Градец, с.Луке, с.Нерав и др. Притоа беше извршено порамнување, проширување, делумно одводнување и делумно насипување на земјаните коловози, како и одстранување на околната вегетација. За изведување на активностите беше користена градежна механизација на економските оператори со кои Општината има склучено договори како скип, булдозер и камиони.

На дел од патишта со земјан коловоз беше извршена санација со поставување на гребан асфалт од рехабилитација на магистрални патишта и тоа во атар на с. Конопница, Мождивњак, с.Узем, с,Костур и др.

### Санација на свлечишта и чистење на одрони

Поради конфигурацијата на теренот и климатските услови во последните години е се поизразен проблемот со појава на свлечишта и поголеми одрони кои го попречуваат нормалното одвивање на сообраќајот на локалните улици и патишта. Во изминатите години на неколку локации се направи неопходна заштита на косините и се санираа одредени свлечишта, но долгорочно санирање на сите критични места бара големи финансиски средства кои општината тешко може да ги обезбеди без помош од други државни институции и фондови. Во меѓувреме редовно, а посебно после обилни дождови помалите свлечишта и одрони се чистат и се обезбедува неопходна проодност на патиштата.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**